# АДИНГФАВОРИТ

*Акрилатен завршен систем за изведба на декоративна обработка на подни површини и спортски подови врз асфалтни или бетонски подлоги*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Адингфаворит е висококвалитетен завршен акрилатен систем, идеален за изведба на надворешни или внатрешни спортски терени за рекреативни намени како тенис, одбојка, мал фудбал, кошарка и сл. Се користи како декоративен завршен слој за пешачки патеки, велосипедски патеки, плоштади, тераси и др. Трајните бои му даваат дополнителна вредност на објектот, добивајќи естетски обработени површини.

## СВОЈСТВА

- Одлична атхезија особено на асфалтна подлога
- Отпорност на абразија и UV зрачење
- Не содржи растворувачи
- Нетоксичен
- Водонепропусен
- Декоративен – изработка во различни бои и нијанси
- Монолитен под без фуги
- Економичен и едноставен за изведба
- Лесен за одржување

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| Својство | | Метода | Декларирана вредност |
|---|---|---|---|
| **АДИНГФАВОРИТ глет :** | | | |
| Изглед | А ком. | - | црна паста |
| | Б ком. | - | полнило |
| Густина | | EN ISO 2811-1 | (1300 ÷ 1350) kg/m$^3$ |
| Јакост на атхезија<br>бетон | | EN 13892-8 | ≥ 0,5 MPa |
| **АДИНГФАВОРИТ боен :** | | | |
| Изглед | | - | обоена пастозна смеса |
| Густина | | EN ISO 2811-1 | (1800 ÷ 2000) kg/m$^3$ |
| Отпорност на удар | | EN ISO 6272-1 | |
| бетон | | | без пукнатини |
| асфалт | | | без пукнатини |

## ПОДГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА

**АДИНГФАВОРИТ** е наменет за вградување на асфалтни и бетонски подлоги. Од аспект на изведба, асфалтната подлога се препорачува како поквалитетна од бетонската. Врз асфалтната подлога може да се изработат поголеми површини без дополнително правење на дилатациони и работни спојници, подобро се следат деформациите од температурните разлики и слегањето на подтлото во текот на експлоатација, попрецизна изведба на наклони, водонепропусност на материјалот и пониска цена на чинење при изведба во споредба со изведба при армирано-бетонски подлоги. Површината на која се нанесува **АДИНГФАВОРИТ** треба да е со соодветни наклони, со пад мин. 0,5 % и потребно е да има соодветно решение за одводнување – за акумулирање на атмосферските води. Кога подлогата е наменета за изведба на спортски терен, потребно е да се внимава на правецот на падот, поради



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

запазување на пропишани норми за соодветниот спорт. Дозволени отстапувања на површинската рамност е 2mm/2m.
Дебелината на подлогата треба да е соодветно димензионирана и без појава на површински пукнатини.
**Асфалт :** потребно е асфалтната подлога да биде со старост од минимум 14 дена
**Бетон :** бетонска подлога треба да е обезбедена од негативен продор на влага, односно да е обложена со хидроизолација и да има поставено парна брана под конструкцијата. Завршната обработка треба да биде со дрвена глетарка или четка и не смее да се изведува машински со челични глетарки (хеликоптерки).
Доколку на бетонската површина има појавено цементно млеко или има нерамнини, тогаш потребно е истата да се израмни со стругање со машински брусилки.

## ВГРАДУВАЊЕ

Пред отпочнување со нанесување на системот **АДИНГФАВОРИТ** потребно е да се обезбедат следните услови за работа :

- Подлогата треба да биде обезмастена и обеспрашена
- Да постои заштита од дожд и ветер во наредните 24-48 часа
- Надворешната средна температура треба да е поголема од +15°C и да е со тенденција на пораст (до 35°C)
- Температурата на подлогата не треба да биде повисока од 35°C

Доколку се јавуваат локални депресии на површината, потребно е овие површини да се порамнат. Порамнувањето се врши со смеса подготвена со:

- Врска У 1kg
- Цемент 1kg
- Сув кварцен песок (300μ-800μ) 3kg

За да се подобри лепливоста на порамнителниот слој со подлогата, треба да се премачка подлогата со припремен раствор од Врска У : Вода = 1 : 2 и додека е сеуште леплив растворот се нанесува порамнителната смеса.
Откако ќе се извршат сите претходни подготовки, се започнува со изведба на системот АДИНГФАВОРИТ.
**ПРАЈМЕР B :**
Нанесувањето е со четка или валјак. Се нанесува во еден слој, а во зависност од температурните услови и порозноста на подлогата може да се разреди со вода, во однос 1 : 3 = ПРАЈМЕР B : Вода.
**АДИНГФАВОРИТ глет :**
Во период од 1-2 ч. по нанесувањето на прајмерот, се нанесува АДИНГФАВОРИТ глет. Материјалот се подготвува со припрема на следната мешавина :

- АДИНГФАВОРИТ глет А : Б = 1 : 1,8
- Вода (во зависност од температурата) 1,5 – 2,0 L

Смесата се меша со машински мешач (300 – 400 врт./min.) до потполно хомогенизирање. Така подготвената смеса се разлева и се разнесува во слој со еднаква дебелина со помош на гумена глетарка.
**АДИНГФАВОРИТ боен :**
По целосно втрднување на АДИНГФАВОРИТ глет (минимум 24 часа на 20°C) и отстранување на евентуални нерамнини, се нанесува завршниот слој од АДИНГФАВОРИТ боен во два слоеви. Смесата се меша со машински мешач (300 – 400 врт./min.) и се разнесува во слој со еднаква дебелина со гумена глетарка во два слоеви. Секој нареден слој се нанесува врз исушен претходен слој. Време на сушење при температура од t=20°C изнесува t=30 – 60 мин. Пуштање во експоатација после 48 часа. Доколку е потребно обележување на новоизведениот под, тоа се изведува со боја на акрилатна основа АДИНГМАРКЕР.

## ОДРЖУВАЊЕ

Со правилно одржување се зголемува експлоатациониот период на подот. АДИНГФАВОРИТ подовите најдобро се чистат машински, со ротациони меки четки со благ раствор на детергенти во вода. Доколку се јават локални механички оштетувања, во одредени временски периоди потребно е локално да се санираат за да не дојде до нивно проширување.





ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

## ПОТРОШУВАЧКА

| | | |
|---|---|---|
| Прајмер В : | | 0,15 – 0,25 kg/m$^2$ |
| Адингфаворит – глет : | | 0,80 – 2,00 kg/m$^2$ |
| Адингфаворит – боен : | (за два слоеви) | 1,00 – 1,20 kg/m$^2$ |

## ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по неговата употреба. Во текот на вградувањето потребно е повремено чистење на глетарките од засушениот материјал.

## ПАКУВАЊЕ

| | |
|---|---|
| Адингфаворит глет | сет од 50 kg |
| Адингфавотирт боен | пластични канти од 25 kg |

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оргинално пакување, на температура од +5°C до +35°C и заштитен од директни сончеви зраци и мрзнење. Рок на употреба е 9 месеци.

## СТАНДАРДНИ БОИ

Адингфаворит црвен
Адингфаворит зелен
Забелешка: Можна изработка и на други бои при минимална порачка од 100 kg.

Опасност по здравјето: Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата или очите, како и директно вдишување. При инцидентен контакт на производот со кожата треба веднаш да се отстрани со вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош. Доколку се проголта, потребно е да се побара медицинска помош.
Пожар: Адингфаворит е незапалив.
Чистење и депонирање: Неврзани остатоци од Адинфаворит се чистат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на адекватна опрема.



АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk